Врз основа на член 50 став 1 точка 16 од Законот за локална самоуправа („Сл. весник на Р.М.“ бр. 5/02) и член 34 од Статутот на Општина Охрид (Сл. гласник на Општина Охрид бр. 8/07 и 1/08), Градоначалникот на Општина Охрид објавува

# ЈАВЕН ПОВИК
# ЗА ФИНАНСИРАЊЕ НА ПРЕДЛОГ - ИДЕИ ОД ЈАВЕН ИНТЕРЕС ВО ОБЛАСТА НА КУЛТУРАТА НА ОПШТИНА ОХРИД ЗА 2025 ГОДИНА

**I**

Општина Охрид заради остварување на јавните потреби и јавниот интерес, на Јавниот повик за финансирање на предлог - идеи од јавен интерес на Општина Охрид за 2025 година, ќе поддржи предлог идеи на здруженија на граѓани од областа на културата, како и активности на поединци и останати субјекти кои ќе придонесат за развојот на културата во општина Охрид.

Предлог - проектите,активностите и програмите треба да се однесуваат на активности од областа на КУЛТУРАТА кои ќе бидат насочени кон директна помош на општина Охрид во остварување на нејзината основна функција и предвидени конкретни активности,а се со единствена цел поквалитетна и потранспарентна постапка за изработка на програмата за КУЛТУРА за 2025 година.

Целта на реализација на оваа активност е Општина Охрид да обезбеди стимулирање и презентација на вредностите и достигнувањата од јавен интерес во областа на КУЛТУРАТА.

Согласно законската регулатива, Општина Охрид како единица на локалната самоуправа води активна политика на обезбедување услови и превземање системски активности за РАЗВОЈ НА КУЛТУРАТА.

**II**

Право да учествуваат на јавниот повик имаат физички лица со живеалиште на подрачјето на општина Охрид (уметници и самостојни уметници) кои вршат дејност од областа на културата согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

Право на учество на јавниот повик имаат и правни лица кои вршат дејност од областа на културата на подрачјето на општина Охрид (установи од областа на културата, здруженија на граѓани, фондации и други правни субјекти), согласно Законот за културата и други позитивни законски прописи во Република Северна Македонија.

На јавниот повик право на учество имаат физички и правни лица кој што не се од општина Охрид,(но имаат потпишан договор или меморандум за соработка со институции или здруженија на граѓани со седиште во општина Охрид), а планираната активност ќе се случува во Охрид и ќе допринесе за подобрување и развој на културата во градот.

**III**

Јавниот повик се однесува на финансирање на програми, проекти и активности врз основа на утврдени Цели и критериуми за избор на предлог идеи од областа на културата од интерес на општина Охрид во следните области:

1.1. Изведбени уметности
1.2. Музички уметности
1.3. Визуелни уметности и уметност на новите медиуми
1.4. Издавачка и библиотечна дејност
1.5. Музејска дејност и промоција на културното наследство
1.6. Меѓународна соработка
1.7. Креативни индустрии

1.8 Инклузивна култура
1.9 Програма за деца(6 до 12)под мотото:„Културата расте со децата“

**IV**

Пријавувањето на Јавниот повик се врши со доставување на предлог -идеа, каде детално ќе биде образложена идеата и ќе има финасиска рамка. Предлог- идеите за кои ќе бидат доделени финансиски средства, ќе се реализираат во рамките на програмата за култура во текот на 2025 година. Со пријавата може да се достават и други документи/материјали за дообјаснување на проектот,активноста за кои учесникот на Јавниот повик смета дека е потребно да ги достави.

Нема да бидат разгледувани пријави: доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта, нецелосно пополнети и нецелосни предлог проекти без приложени документи кои задолжително се бараат.

Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат. Пријавите со документите се доставуваат во затворен коверт: Општина Охрид, ул. „Димитар Влахов“ бр. 57, 6000 Охрид со назнака за

„**Јавен повик за финансирање на предлог- идеи од јавен интерес во областа на културата на општина Охрид за 2025 година“ -** лично во архивата на Општина Охрид. Јавниот повик ќе трае најдоцна до 05.11.2024 година (вторник), до 15.00 часот.

**V**

Во прилог на пријавата барателите се должни да ја обезбедат и следнава документација:

**Правните субјекти -** установи од областа на културата, здруженија на граѓани, невладини организации, фондации и други правни лица да достават:
а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk);
б) Копија од Тековна состојба за регистрирана дејност не постара од шест месеци, издадена од Централен регистар на Република Северна Македонија;
в) Потврда за отворена и активна жиро сметка во банка не постара од шест месеци;
г) Референтна листа за претходно организирани и реализирани програми, проекти, програмски активности и манифестации во последните три години.

**Физичките лица** - уметници и самостојни уметници да достават:
а) Пополнета пријава/апликација (пријавата ќе биде објавена на веб-страницата на општина Охрид: www.ohrid.gov.mk);
б) Кратка биографија и CV на апликантот;
в) Копија од предната страна на трансакциска сметка (исклучиво лична на апликантот, не ополномоштена од трето лице, а доколку барателот е малолетно лице трансакциската сметка треба да е исклучиво лична на барателот ополномоштена од родител/старател).

**VI**

Јавниот повик трае минимум 15 календарски денови од денот на објавување на официјалната веб страница на општина Охрид www.ohrid.gov.mk најдоцна до 05.11.2024 година до 15 часот.

**Напомена:** Нема да бидат разгледувани пријави: доставени по истекот на рокот на Јавниот повик, пријави доставени по електронска пошта, нецелосно пополнети и нецелосни предлог проекти без приложени документи кои задолжително се бараат.

Материјалите доставени со пријавите на Јавниот повик не се враќаат. Пријавите со документите се доставуваат во затворен коверт: Општина Охрид, ул. „Димитар Влахов“ бр. 57, 6000 Охрид со назнака за:

*„За **Јавен повик за финансирање на предлог идеи од јавен интерес во областа на културата на општина Охрид за 2025 година“,***

или - лично во архивата на Општина Охрид.

Врз основа на прифатените пријави (апликации) согласно Буџетот на општина Охрид за 2025 година и во зависност од расположливите средства и потребите на општината, прифатените предлог - идеи ќе станат составен дел од програмата за култура за 2025 година и со истите Градоначалникот на општина Охрид во име на општината ќе потпише договори за реализација на истите со подносителите.

Дополнителни информации во врска со Јавниот повик може да се добијат на тел. 046 262 492/262 493 или на емаил;kultura@ohrid.gov.mk или во (во Одделение за култура).

**ПРИЛОГ 1 – Цели и критериуми**

Согласно Јавниот повик за прибирање барања за користење средства од Буџетот на општина Охрид за 2025 година, наменети за финансирање на програми и проекти од областа на културата од интерес на општина Охрид за 2025 година, општина Охрид ги утврди следните цели и критериуми:

**I**

**Општи цели кои важат за сите области наведени во Јавниот повик:**

- развој и унапредување на дејностите од областа на културата на територијата на општина Охрид;
- чување и афирмирање на материјалното, духовното и културното наследство на општина Охрид;
- чување, негување и афирмација на македонскиот јазик.;
- поттикнување и афирмирање на културните различности на припадниците на етничките зедници во општина Охрид;
- достапност на културните добра и вредности до граѓаните;
- иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата;
- континуитет на традиционалните културно-уметнички манифестации што се од интерес за општина Охрид;
- презентирање и афирмирање на современото творештво, урбаната култура и јавната уметност;
- стимулирање на новите медиуми и истражувања во културата;
- афирмирање и поддршка на млади уметници и автори,
- развивање на младинската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, уметност на новите медиуми и литературата и книга/стрип, албум/графичка новела);
- развивање на професионалната независна културна сцена;
- развивање на аматерската култура во чии рамки ќе се поддржуваат креативни и едукативни проекти од категориите на изведбените уметности, визуелните уметности, архитектурата и дизајнот, уметноста на новите медиуми и литературата (книга/стрип,албум/графичка новела);
- поддршка и развивање на традиционалните културни вредности;
- воспоставување на соработка и партнерства во рамките на предложениот проект со една или повеќе јавни установи од областа на културата на општина Охрид, национални установи, граѓански организации, образовни институции и други организации;
- одбележување јубилејни настани и значајни датуми;
- проекти чија цел е развивање и промовирање на областите на културните и креативните индустрии;
- организирање и подршка на меѓународни фестивали што се одржуваат во Охрид;
- стимулирање и поддршка на разни партнерски меѓународни проекти;
- поттикнување на научната и критичката мисла преку организирање на семинари, конференции и дебати;
- изведба на едукативни работилници за деца и млади, како и за наставничкиот кадар од основните и средните училишта, со цел поттикнување на нивната креативност и подобрување на културниот развој на децата и младите.

**II**

**Посебни цели за областите наведени во јавниот повик:**

1) **Посебни цели од областа на музејската дејност и промоција на културното наследство:**
   - презентација, популаризација и промоција на културното и историско наследство во општина Охрид;
   - користење на културното наследство како ресурс за развој на туризмот;
   - организирање на кампањи, работилници и предавања за промоција и значењето на културното наследство на територијата на општина Охрид.

2) **Посебни цели од областа на издавачката и библиотечната дејност:**
   - издавање на книги и електронски изданија, публикации, монографии, зборници што обработуваат теми од современиот живот и историјата на Охрид;
   - поддршка на книжевно творештво со високи вредности
   - дела со исклучителна културна вредност, монографии, стручни публикации, како и дела што се резултат на истражувачи проекти за општина Охрид;
   - издаваштво наменето за деца и млади.
   - за дела на автори со прво издание задолжителни се две (2) рецензии и
   - за дела на автори со повеќе издадени книжевни дела, задолжителна е една (1) рецензија.

3) **Посебни цели од областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми:**
   - ретроспективно-монографски изложби од особено значење за општина Охрид што одразуваат континуитет во уметничкото дејствување во Охрид потврдени од ликовната критика и историјата на уметноста;
   - самостојни, групни и други проекти од земјава и од странство што ги промовираат современите уметнички форми и изрази и придонесуваат за развој на современиот ликовен јазик во општина Охрид;
   - промоција и развој на современата урбана уметност со акцент на користење на јавните градски површини како и други алтернативни простори за презентација на уметничките дела во општина Охрид;
   - подршка на филмски фестивали;
   - изложбени проекти од областа на креативните индустрии; и
   - изложби и проекти на млади уметници областа на визуелните уметности и уметноста на новите медиуми (до 35 години).

4) **Посебни цели од областа на изведбени уметности:**
   - негување и презентација на националното драмско и музичко-сценско творештво од различни уметнички стилови и жанрови со застапеност на традиционални и современи автори;
   - презентација на врвни уметнички дела од светската драматургија во Охрид како и дела од областа на музичко-сценските уметности,
   - работилници со млади како и со лица со посебни потреби од областа на драмските и музичко-сценските уметности;

- поддршка на театарски фестивали;
- Поддршка на сите сценски дејности( класчен балет, модерни танци, мулти-медијални сценски настани;
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во општина Охрид; и
- презентирање на македонскиот фолклор и фолклорот на припадниците на заедниците кои живеат во општина Охрид на фестивали и манифестации што се оддржуваат во општината и од други држави со кои општина Охрид има воспоставено соработка, а за што мора да биде доставена и покана од организаторот на манифестацијата.

**5) Посебни цели од областа на музичките уметности:**

- промоција и изведба на музички дела и творештво со стилска и жанровска разновидност;
- поттикнување и изведба на нови музички форми и изрази;
- поддршка на музички фестивали,
- стимулирање на македонското музичко творештво и музичкото творештво на заедниците кои живет во општина Охрид со висока уметничка вредност; и
- поддршка на концерти на млади музичари - изведувачи и композитори.

**6) Посебни цели од областа на меѓународната соработка:**

- соработка и учество на меѓународни манифестации, фестивали и проекти врз основа на реципроцитет за што треба да се достави покана од организаторот;
- програми и проекти од областа на културата што ќе се одвиваат на подрачјето на општина Охрид, а кои што имаат обезбедено финансиска поддршка (грант) од фондовите на Европската Комисија, УНЕСКО и/или други меѓународни фондови; и
- соработка и реализирање на заеднички проекти со организации, установи и поединци од:

  а) збратимените градови со општина Охрид

  б) градови со што е воспоставен протокол или програма за соработка и

  в) градови што соработуваат со општина Охрид врз основа на воспоставен контакт (https://ohrid.gov.mk/) – линк на официјалниот портал на општина Охрид.

**III**

**Изборот на програмите и проектите ќе се врши врз основа на критериуми изразени во бодови и тоа за**:

**1.Професионално делување во културата**

| Критериуми за професионално делување во културата | бодови |
|---|---|
| **1. Структура и ресурси на организацијата** | **25** |
| 1.1 Искуство на апликантот во спроведување и реализирање на проекти и активности од областа на културата | 10 |
| 1.2 Стручност на лицата кои учествуваат во спроведување на проектот и активноста | 10 |
| 1.3 Видливост на организацијата – (online) | 5 |
| **2. Буџет на проектот :** | **25** |

| | |
|---|---|
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проектот | 10 |
| 2.2 . Оправданост на трошоците во предложениот финсиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени). | 10 |
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори. | 5 |
| **3. Квалитет на програмата/проектот:** | **50** |
| 3.1 Детално разработени програмски активности од програмата/проектот и уредно пополнета пријава согласно правилата на Јавниот повик. | 10 |
| 3.2 Придонес на програмата/проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата на ниво на Град Охрид | 20 |
| 3.3 Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели кои содржат иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата. | 10 |
| 3.4 Обезбедена институционална поддршка (покана од фестивали, писмо на поддршка од друга културна установа или надлежен орган, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализацијата на програмата/проектот)<br><br>3.5 Вклучување на жени во проектната културна активност или носител на проектната активност биде жена | 5<br><br>5 |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

**2. Младинско делување во културата**

| Критериуми за младинско делување во културата | бодови |
|---|---|
| **1. Квалитет на апликантот** | **20** |
| 1.1 Искуство на апликантот во реализирање на програми, проекти и активности од областа на младинското делување во културата | 10 |
| 1.2 Листа со референци (препораки, признанија и награди, предходни настапи на манифестации и слично ) | 10 |
| **2. Буџет на проектот** | **20** |
| 2.1 Детално разработен финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проектот | 10 |
| 2.2 . Оправданост на трошоците во предложениот финсиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени). | 5 |
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори. | 5 |
| **3. Квалитет на програмата/проектот:** | **40** |
| 3.1 Детално разработени програмски активности од програмата/проектот и уредно пополнета пријава (апликација). | 10 |

| | |
|---|---|
| 3.2 Понудени квалитетни и иновативни решенија за реализирање на проектните цели што содржат иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата | 10 |
| 3.3 Придонес на програмата/проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата на ниво на Град Охрид | 10 |
| 3.4 Придонес на проектот во остварување на младинско учество во културата<br><br>3.5 Вклучување на жени во проектната културна активност или носител на проектната активност биде жена | 5<br><br>5 |
| **4. Профил на учесниците** | **20** |
| 4.1 Број на директно вклучени млади во проектот | 10 |
| 4.2 . Обезбедена институционална поддршка и вклучени партнери (покана од фестивали, писмо на поддршка од друга установа од областа на културата или надлежен орган, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализација на програмата/проектот) | 5 |
| 4.3 Проценет број на млади луѓе на кои се однесува проектот (предвидена публика, директни и индиректни корисници) | 5 |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

**3.Аматерско делување во културата**

| Критериуми за аматерско делување во културата | бодови |
|---|---|
| **1. Програма/Проект:** | **25** |
| 1.1 Детално разработени програмски активности од програмата/проектот и уредно пополнета пријава согласно правилата на Јавниот повик. | 20 |
| 1.2 Искуство на апликантот во реализирање на програми, проекти и активности од областа на културата | 5 |
| **2. Буџет на пограмата/проектот:** | **25** |
| 2.1 Детално разработе финансиски план за потребните средства за реализација на програмата/проектот | 10 |
| 2.2 Оправданост на трошоците во предложениот финсиски план (реален буџет во однос на активностите и бројот на ангажирани лица, опис на трошоци по позиции и колку тие соодветствуваат со пазарните цени). | 10 |
| 2.3 Обезбедени дополнителни средства од сопствени или други извори. | 5 |
| **3. Квалитет на програмата/проектот:** | **50** |
| 3.1 Придонес на програмата/проектот во остварување на општите и посебните цели за развојот на културата во градот Охрид | 20 |
| 3.2 . Иновативност, впечатливост и оригиналност на идејата. | 20 |
| 3.3 Обезбедена институционална поддршка (покана од фестивали, писмо на поддршка од друга установа од областа на културата или надлежен орган, вклученост на еден или повеќе субјекти во реализација на програмата/проектот)<br><br>3.4 Вклучување на жени во проектната културна активност или носител на проектната активност биде жена | 5<br><br>5 |

| | |
|---|---|
| | |
| **Вкупно бодови:** | **100** |

**IV**

**При вклопување на предлог идеите од областа на култура кој се од интерес на општина Охрид во Програмата за култура на општина Охрид за 2025 година ќе бидат земени предвид активностите, проектите и манифестациите што согласно критериумите ќе обезбедат најмалку 60 бода.**

**Општина Охрид**
Градоначалник,
Кирил Пецаков

Изготвил: Весна Јованоска, соработник за култура
Одобрил Јоне Станковски, Пом. Раководител на Сектор за јавни дејности